Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 16-10-2020
Орг. Един. / Njësia Org.: 43 | Број: / Numër: 8949/2

Бр.08-2192/ 2
Скопје, 08. 10. 2020 година

**ДО ФОНДАЦИЈАТА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА**
**УЛ. ЧЕДОМИР МИНДЕРОВИЌ БРОЈ 31**
**СКОПЈЕ**

**- Фотокопија до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

**ВРСКА:** Доставена предлог-иницијатива со допис бр.43-8949/1 од 28 септември 2020 на Владата на Република Северна Македонија

Почитувани,

Уште еднаш изразуваме благодарност за вашиот интерес и придонес кон заложбите за подобрување на состојбите во правосудството. Министерството за правда ја разгледа вашата доставена Предлог-иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, со наслов „Функционална правна држава“ и ве известува за следното:

1. Во делот Јавно обвинителство, за приоритет сте предложиле „Подобрување на институционалната ефикасност и ефективност“, преку спроведување на активностите: да се обезбедат средства од Буџетот на Република Северна Македонија за вработување на јавнообвинителски службеници согласно предвидената систематизација, зголемување на буџетот на јавното обвинителство и обезбедување на средства за нови јавнообвинителски службеници и јавни обвинители, како и средства за формирање на најмалку 3 јавнообвинителски истражни центри.

Донесувањето на новиот Закон за јавното обвинителство во февруари 2020 година беше прв чекор кон реализација на оваа цел. Имено, со одредбите во Главата 25. Средства за работа, особено со членовите 100 и 101 од Законот се обезбеди финансиската самостојност на јавното обвинителство преку обезбедена висина на средствата за работа на јавното обвинителство, која изнесува најмалку 0,4% од Буџетот на Република Северна Македонија за тековната година. Јавното обвинителство на Република Северна Македонија врши распределба на средствата одобрени на буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија по обвинителства, годишно и месечно, врз основа на мерила и критериуми. Согласно член 100 ставот (3), „предлогот за обезбедување на средства за работа од членот 100 од овој закон содржи процена за редовните и вонредните работи кои ги врши јавното обвинителство, потребниот број на јавни обвинители и јавнообвинителски службеници, како


Министерство за правда на Република Северна Македонија | Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје, Република Северна Македонија | +389 2 3116 493 | www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

и други показатели кои се битни за утврдување на предлогот за утврдување на износот на средства потребни за работа на јавното обвинителство." Со ставот (4) се определува дека „пред доставувањето на предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии задолжително го усогласува делот на средствата за финансирање на јавното обвинителство со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Доколку не се постигне согласност, Министерството за финансии доставува извештај кој го доставува до Владата на Република Северна Македонија и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија доставува мислење по извештајот на Министерството за финансии."

Оттука, вашиот предлог ќе треба да биде разгледан од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Владата на Република Северна Македонија, со цел остварување на вашите предложени активности, кои се за поздравување.

За предложената активност за воспоставување на јасни критериуми за мерење на работата на јавните обвинители и поставување прецизни насоки и препораки за приближување на ефикасноста кон европскиот просек, ве известуваме дека во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во тек е подготовка на подзаконските акти предвидени во Законот со одредбите од Главата 9. Постапка за оценување, а вашиот предлог е добредојден.

Во однос на активноста за воспоставување на систем на континуирани интердисциплинарни обуки со практични вежби на сите јавни обвинители, ве известуваме дека Академијата за судии и јавни обвинители редовно организира обуки од сите области.

2. За делот Судство, во однос на приоритетот Подобрување на човечките ресурси, ве известуваме дека во тек е подготовка на нов Закон за судскиот буџет. Исто така во финална фаза е донесувањето на Стратегиите за човечки ресурси во судството и во јавното обвинителство од Судскиот совет, односно Советот на јавните обвинители.

3. За предложениот приоритет „Унапредување на човековите права", ве известуваме дека Предлог законот за ништовност и поништување на правните последици од лустрацијата е подготвен и повторно ќе биде доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со оглед дека во минатиот состав на Собранието не беше донесен.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**

**м-р Бојан Маричиќ**

06.10.2020

Подготвила: Славица Жерајиќ, раководител на одделение

Проверил: Никола Прокопенко, државен советник



Министерство за правда на Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3116 493

www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification